Република Северна Македонија
Општина Новаци
Бр. 14-619/35
22.06.2022 год
Новаци

Архивски знак: ____
Рок на чување: ____
Потпис,
____ 20 ___ година

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) член 94 и член 21 став 1 точка 49 точка од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци" бр. 7/19), Советот на Општина Новаци на својата седница одржана на ден 22.06.2022 година, ја донесе следната:

**ИЗМЕНА НА ПРОГРАМАТА**
**за активностите на Општина Новаци**
**во областа на Локалниот економски развој во 2022 година**

Во веќе усвоената Програма за ЛЕР за 2022 година на Општина Новаци, на 4-та седница на Советот на Општина Новаци, се вршат измени односно дополнувања во следните точки:

1. **Поддршката на Локалниот економски развој на општина Новаци планира да се реализира преку следните активности :**

„Фестивалот на жетвата" ќе биде дводневен хепенинг на кој се пријавени да учествуваат повеќе од триесет изложувачи и тоа на: разни видови на земјоделска механизација, земјоделски препарати, семиња и пестициди, продажба на осигурување за земјоделците, обезбедување на разни кредити за набавка на земјоделска механизација, продажба на гуми за земјоделска механизација, локални производи и домашна традиционална храна, мед и производи од мед, млечни производи, минерална вода, разни видови на домашна храна произведена на овие простори и слично.

Резултатите кои сакаме да ги постигнеме со овој настан е целосно информирање на населението за важноста од сопственото земјоделско производство, вложувањето во овие ресурси со кои изобилува Пелагонија, локалното население и особено Општина Новаци, важноста од сопственото производство на храна и независноста од странските пазари, подигнувањето на свеста кај земјоделците за вложување во сопствените бизниси , презентирање наначините како тоа да го направат и кој е најлесниот пат да обезбедат средства.

Настанот покрај изложбен карактер ќе има и едукативен дел организиран преку едукативни работилници и разни многубројни активности во текот на дводневната програма на настанот наменета за месното население , организирање на различни игри за анимирање на локалното население и нивна целосна вклученост во настанот како во натпреварувачкиот дел така и во организациониот.

Бараниот износ од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2022 година за одржување на „Фестивалот на жетвата" во Општина Новаци е 120.000,00 денари. Дополнително од Општина Новаци побарани се 300.000,00 денари.

**8.Екологија и енергетска ефикасност**

- Монтажа на фотоволтаични панели на покривот на зградата на Општина Новаци. Проект кој ќче се аплицира а средства од странски и домашни донатори согласно правилата на актуелниот јавен повиќ.

- Изградба на термоизолациони високоефикасни термо фасади на училишната зграда на ООУ „ Славко Лумбарковски“ Новаци ( голема зграда и мало училиште) со средсства од домашни и меѓународни донатори. Во моментот е поднесена апликација за реконструкција и изградбна на термофасада за големата училишна зграда во ООУ „ Славко Лумбарковски“ Новаци а се планира да се аплицира со проект и за изградба на термофасада и за малата зграда на училиштето на други актуелни соодветни повици до крајот на 2022 година.

- Изградба на парк – зелена зона со уредување на клупи, канделабри и друг вид на урбана опрема во Новаци преку разни повики од домашни и странски донатори како и со општинско учество обезбедено од Буџетот на Општина Новаци.

Совет на општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

---------------------------